**20200821277**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“, 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 27 март 2020 година, донесе

**УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА САНАЦИЈА И РЕКОНСТРУИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД БАНКИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

Член 1

Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/95, 17/96, 36/97, 31/03 и 55/13) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

На рокот на отплата на главницата на обврзницата издадена од страна на Република Северна Македонија за надоместување на селективните кредити на Народна банка на Република Северна Македонија согласно член 26 став 1 алинеја 2 од Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија ќе се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

Отплатата на главницата на обврзницата за надоместување на селективните кредити на Народна банка на Република Северна Македонија од член 1 став 2 на оваа уредба со законска сила ќе се изврши на 1 април 2021 година.

Член 3

Ова уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2598/1
27 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.